Бр./Nr 12-4530/2
19-05-2022
________г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформенпо пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 67-мата седница одржана на 13.05.2022година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-4530 од 2021 година,против лицето м-р --------------, судија во Основниот суд --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот Совет на РСМ.

Предметот со број 12-4530 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, ----------- од ------ на ден 05.11.2021 година, поднесена е пријава против лицето м-р ------------, судија во Основниот граѓански суд ------------ и оформен е предмет број 12-4530 од 2021 година.

Во пријавата подносителот наведува декае незадоволен од Пресуда 21.П1-------/11 од 2013 година по спроведенсудски процес која е донесена од страна на судијата м-р --------, а пак во која подносителот се јавува како тужена страна.

Имено, подносителот на пријавата учествувал како законски наследник во постапка за оставина од покојниот сопруг водена во 2008 година, а во која подносителот и нејзиниот син дале негативни наследнички изјави, по што целиот недвижен имот, кој се состоел од стан во Центар, Скопје и припаднал на ќерката на подносителот.

Меѓутоа, претходно во 2007 година, Друштвото за инсталатерски и завршни работи ,,--------------" каде управител и основач бил подносителот на пријавата, а исто така како основач се јавува и нејзиниот син, склучиле Договор за купопродажба на стан во Скопје.

Од причина што склучениот Договор не бил реализиран, продавачот на недвижнината повел судска постапка за поништување на договорот и надомест на штета. По ова судот донел Решение за привремена мерка со што забранил да се врши отуѓување, оптоварување или давање под закуп недвижниот имот - стан во Скопје, по што привремената мерка била евидентирана во јавните книги.

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Но, по смртта на сопругот, односно татко, недвижниот имот бил дел од оставинската маса за која како што веќе е напоменато, подносителот и нејзиниот син дале негативна изјава.

Со тоа се оневозможило извршувањето на Пресудата за наплата и надомест на штета која била претходно донесена, а која единствено можела да биде наплатена од недвижен имот кој би им припаднал на тогаш тужените страни, кога преку постапката за оставина би се стекнале со личен имот, од причина што споменатите лица не поседувале друг имот.

Во моментот на давањето на негативните наследнички изјави подносителот и нејзиниот син знаеле дека со тоа дејствие ќе му нанесат штета на продавачот на недвижнината.

По спроведената судска постапка била донесена Пресуда со која се губи правното дејство на негативните наследнички изјави. Оваа пресуда е донесена од страна на Основниот суд ---------------- преку судијата м-р -------------------.

Незадоволни од ваквата Пресуда странките доставиле жалба до Апелациониот суд Скопје, каде жалбата била одбиена како неосновано.

Подносителот со поднесокот- Информација за извршена злоупотреба од судијата м-р ----------------- судија во Основниот суд -----------------, бара ДКСК да се произнесе во рамките на нејзините надлежности,а има доставено и соодветно образложение за злоупотреба на службена положба како и прилог документација која се состои од донесените Пресуди.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган,по што оцени дека предметот ќе го достави на натамошно постапување на Судскиот Совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З,раководител
Одобрил:Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**